# Животни

## Регистрирање на животни миленици

Ако имате мачка или куче, мора да ги регистрирате во Општината. Наплаќаме годишна такса за регистрација за секое куче или мачка што ги поседувате. Таа такса треба да и ја платите на Општината до 10 април секоја година.

За да го регистрирате вашето животно миленик, треба да пополните формулар и да ни го предадете. Формуларот може да го добиете од нашите Услужни центри, од нашето место на интернет, или ако ни се јавите.

Откако еднаш ќе го регистрирате вашето куче или мачка, животното треба да носи значка од Општината по која ќе знаеме дека е ваше.

На сите нови мачки и кучиња постари од три месеци исто така мора да им се вгради и микрочип. Тоа е безболна постапка при која сосем малечок чип се вметнува во вратот на животното. Овој чип содржи информации со кои животното се поврзува со вас, неговиот сопственик.

Општината препорачува да им се поставуваат микрочипови на сите животни миленици. Имаме редовни денови за поставување микрочипови секоја втора сабота во секој месец во 10 часот претпладне во нашиот Услужен центар во Ајванхо, Ivanhoe Service Centre, 275 Heidelberg Road Ivanhoe. Во тие денови се поставуваат микрочипови по намалена цена од $20.00. Задолжително треба да закажете.

## Изгубени животни миленици

Ако ја изгубите вашата мачка или куче, јавете ни се. Шансите вашиот миленик да ви се врати се поголеми ако му е вграден микрочип, ако е регистриран и носи значка.

Ако најдете изгубено животно миленик, јавете ни се.

## Животни миленици во вашиот дом

Ако сакате да чувате повеќе од две кучиња или две мачки, треба да се јавите во Општината за да добиете дозвола. Има и други правила во врска со сортата и бројот на животни и птици што може да ги чувате на вашиот имот. Ве молиме јавете ни се за повеќе информации.

## Кучиња на јавни места

Ако го шетате вашето куче на улица или на пешачка патека, тоа мора да биде на поводник и под ваша контрола. Во некои паркови е дозволено да го пуштите кучето одврзано, но не во близина на детски игралишта и на патеки. Може да бидете казнети ако не го контролирате вашето куче и ако тоа повреди некого.

Секогаш треба со себе да носите најлонско ќесе за да можете да го исчистите изметот на вашето куче од јавните места. Ако не го сторите тоа, може да бидете казнети со казна од $200.



Banyule
CITY COUNCIL

# Животни

## Кучиња што лаат

Кучињата лаат поради многу причини, на пример, од осаменост, здодевност или ако не се движат доволно.

Ако соседите ви кажат дека вашето куче постојано лае, можеби ќе треба да го чувате затворено во куќата кога не сте дома. Ако кучето на вашиот сосед ви пречи со своето лаење, најдобро е да разговарате со соседот во врска со вашата загриженост.

## Чувајте ја мачката дома ноќе

Најдобро е вашата мачка да ја чувате затворена дома додека спиете. Ако ја оставите мачката надвор цела ноќ, таа може да биде згазена на улица, или да лови и убива домородни птици и други диви животни.

## Чување живина во задниот двор

Некои луѓе сакаат да чуваат кокошки во задниот двор за да им несат свежи јајца и да им помагаат во отстранувањето на штетниците од градината. Пред да го сторите тоа, мора да разговарате со Општината зашто постојат ограничувања во врска со бројот на кокошките и видот на нивното живеалиште. Не е дозволено да се чуваат петли и Општината ќе ги отстрани ако ги пронајде на било кој имот во градот.

Ако сакате повеќе информации а ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Телефонската преведувачка служба TIS National на 131 450 и побарајте да ве поврзат со општина Бањул на 9490 4222.

Инаку може да се јавите во општина Бањул ако се јавите кај нашиот Тим за услуги на клиентите на 9490 4222, ако посетите некој од нашите Услужни центри во Ајванхо или во Розана, или ако ни испратите електронско писмо на enquiries@banyule.vic.gov.au